**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-32/7
03.07.2024 година
Прилеп

# ООУ “Коле Канински“ Битола

| **КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 09 до 13 октомври 2023 год. |
| **Број на извештај:** | 10 / Пелагониски / 2023 год. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Трифуновски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 3 |
| **Основач на училиштето:** | општина Битола |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 784 |
| **Полова структура на ученици:** | 420 машки и 364 женски |
| **Број на наставници:** | 75 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Стефан Димовски |
| **Директор на училиштето:** | Дијана Христовска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 29 до 31 јануари 2018 год. |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Бранко Радичевиќ“ бб, Битола |
| **Телефон:** | 076 370 927 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-kolekaninski-bitola@schools.mk |
| **оценка од ИЕ** | **2,91 - добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 20, 24, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.в. на Република Македонија“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15 и 145/15) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. в. на РМ“ бр. 86/06).

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2023 година и Законот за просветната инспекција од 09 до 13 октомври 2023 година, тим од три државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во работата на ООУ “Коле Канински“ Битола.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека квалитетот во работењето на училиштето е подобрен, односно квалитетот во работењето на ООУ “Коле Канински“ Битола е **добар (2,91)**.

Наставата во училиштето се остварува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Бесплатните учебници кои ги обезбедува МОН не ги задоволуваат во целост потребите на училиштето, а дел од учебниците со кои располага училиштето се дотраени.

Родителите се информираат за целите на наставните планови и програми на групни родителски средби кои се организираат на почетокот од учебната година.

Училиштето има Училишен инклузивен тим и осум инклузивни тимови за ученик за учениците со посебни образовни потреби. Овие ученици наставата ја следат според Индивидуални образовни планови и за нив, во соработка со основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола и со ОО Црвен Крст Битола се обезбедуваат образовни и лични асистенти.

Изборот на изборните предмети, согласно наставниот план за VI до IX одделение и за IV и V одделение и согласно Новата концепција, го прават учениците во согласност со нивните родители од листа со изборни предмети за кои училиштето располага со потребниот наставен кадар.

Во училиштето се планира и реализира проширена програма која, покрај организираното прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот и еден час по завршувањето на редовната настава, опфаќа и продолжен престој, по една група во две смени од I-III одделение.

Бројот и разновидноста на воннаставни активности во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците, при што голем број ученици по сопствен избор и на транспарентен начин се вклучени барем во една вонаставна активност.

При изготвувањето на полугодишните и годишните статистички извештаи за постигањата и редовноста на учениците не се врши анализа на прибраните податоци и не се даваат конкретни препораки за подобрување на истите, поради што во последните три години постигањата на учениците се зголемиле за минорен 1%, а просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик се зголемиле од 1 на 3.

Нема изградени системи или пропишани приоди и процедури за детектирање и поддршка на: учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените и талентираните ученици, учениците со пречки во развојот/физичка попреченост, учениците кои поради

хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, ученици од семејства во социјален ризик и ученици со емоционални проблеми.

Дополнителната и додатната настава во училиштето се реализира според месечни распореди. Учениците и родителите се задоволни од поддршката која на учениците им се обезбедува преку дополнителната и додатната настава.

Во соработка со партнер училиштето ООУ„Гоце Делчев“ Битола во учебната 2022/23 година реализирани се повеќе заеднички воннаставни активости на македонски и албански јазик со учениците Македонци и Албанци во Градската библиотека и во подрачното училиште во с.Буково.

Се запишуваат сите деца од реон на училиштето, освен преселените и иселените. Со воведувањето на продолжениот престој интересот на родителите за запишување на своите деца во училиштето е значително зголемен.

Во изминатите 3 учебни години нема осипани ученици и ученици кои го повториле одделението.

Нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирањето на наставата, но има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на педагогот, директорот и пом. директор. Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речеси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на наставните часови. Најголемиот број наставници разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и на ниво на училиште и изготвуваат и користат дигитални содржини.

Најголениот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во сите делови од чнаставниот час и истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Училиштето нема располага со доволен број на функционални десктоп компјутери или лаптопи за наставниците и учениците и истите се користат од наставниците, но не и од учениците, освен во кабинетите по информатика и по техничко образование. Мал број наставници се обучени како учениците да ја користат ИКТ.

Најголемиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности не го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците за време на часот и при задавањето на домашните работи.

Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги превземаат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Наставниот процес се следи по пропишана процедура и со инструменти за следење. После посетите на часови не се изготвуваат извешти со препораки кои ќе се разгледуваат на наредниот наставнички совет или на ниво на стручни активи. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба, но само најавено. Новите наставници не ја следат на работата на поискусните колеги за време на часовите.

Мал број од наставниците по одделенска настава и поголемиот број наставници по предметна настава не ги користат стандардите за оценување и информациите од следењето и вреднувањето при планирањето на следните чекори во учењето и не ги запознаваат учениците и родителите со истите. Приодите во оценувањето даваат ограничени можности учениците да ги подобруваат постигањата.

Најголемиот број родители и ученици го доживуваат училиштето како безбедна и сигурна средина за учење. Не е направена статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување ќе се применува како интерен акт на училиштето. Учениците и родителите не се запознаени со постоењето на истото. Поголемиот број родители и ученици сметаат дека училиштето ефикасно се справува со појавите на меѓуврсничко насилство. Се води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции.

Не се води грижа за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во непосредното опкружување на училиштето. Голем број од родителите не се задоволни од квалитет на храна кој им се нуди на учениците.

Голем број родители и ученици не се задоволни од грижата на училиштето за хигиената во училиштето. Државниот санитарен инспекторат нема констатирано пропусти во работењето на училиштето.

Преку посети на претпријатија и во соработка со средните училишта од општината и од другите општини, на учениците им се обезбедуваат релевантни информации за можностите за нивно понатамошно образование. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование ја прават психологот и педагогот.

Најголемиот број од наставниците и стручните соработници се почитувани од страна на учениците и родителите. Во училиштето постојат добри меѓучовечки односи. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца се чувствуваат среќни и задоволни во училиштето. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.

Училиштето има кодекси на однесување за учениците, родителите и вработените, донесени од училишниот одбор. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите во најголем број случаи се почитуваат. Има потреба од нивно донесување на демократски и транспарентен начин, со активно вклучување на сите чинители во училиштето.

Ученичкиот парламент е формиран на демократски начин, со тајно гласање од страна на сите ученици од шесто до деветто одделение. Работата на ученичкиот парламент е поддржана од директорот, стручната служба и наставникот по граѓанско образование. Учениците се редовно информирани од своите соученици членовите на ученичкиот парламент за активностите кои се планираат во рамките на училиштето. По иницијатива на ученичкиот парламент изградено е повеќенаменско спортско игралиште и направен е инклузивен детски парк со финансиска поддршка на Швајцарската амбасада и UNDP.

Најголемиот број родители и ученици сметаат дека раководниот и наставниот кадар креираат успешна средината за учење и ги поттикнуваат учениците на повисоки постигања во учењето, вонаставните активности, редовноста и дисциплината. Личните постигања на учениците се промовираат во рамки на училиштето и во локална средина.

Најголемиот број вработени правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од пол, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности и ги учат како да препознаваат и да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Се промовира и практикува половата, етничката, културната и верската разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.

Опременоста на училиштето со наставни и нагледни средства и технички помагала делумно задоволува. Обезбедените бесплатни учебници не ги задоволуваат потребите по повеќе наставни предмети. Нема учебници за од шесто одделение по сите наставни предмети и по англиски јазик за сите одделенија, а за трето одделение има учебници само по математика. Поради дотраеност на учебниците за поголем број на наставни предмети за голем број од учениците нема бесплатни учебници.

Потребата од наставни средства и потрошни материјали се утврдува на ниво на стручни активи, а се разгледува на наставнички совет. Набавката на потрошен материјал се врши според финансиските можности на училиштето, но истата делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците за квалитетно реализирање на наставата.

За реализирање на наставата вработени се 75 наставници од кои 16 на определено време. За: 7 н.ч.н по природни науки, 6 н.ч.н. по биологија, 14 н.ч.н. по хемија, 8 н.ч.н. по проекти од ликовната уметност, 18 н.ч.н. по физичко и здравствено образование, 2 н.ч.н. по изборен спорт и по ликовно образование, ангажирани се наставници кои немаат соодветно високо образование согласно нормативот за наставен кадар утврден со наставните програми. При вработувањето на наставен кадар не е констатирана полова, етничка, верска или друга вид на дискриминација од надлежен орган.

Училиштето по претходно добиена согласност од Советот на општина Битола има склучено договори за закуп на училишен простор со: ТП Спорт Лејди - Битола, РК ВИНДА - Битола, КК Јуниор - Битола, КК Пелистер – Ветерани и КК Петровски за спортската сала, со ДООЕЛ „Кафе Вендинг Група“ - Битола за поставување на автомати за храна и топли пијалоци и со ДООЕЛ „ЛАФКА“ - Битола за продавница на колонијални стоки и училишен прибор. За издавање на училишниот простор под закуп училиштето има.

Училиштето секоја година донесува финансиски план за буџетската сметка, за сметката за самофинансирање и за донаторската сметка ЕРАЗМУС+, како и извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се усвојувани од Советот на општина Битола.

Училиштето има Статут (со бр. 01-147/1 23.12.19 год.) за кој МОН има дадено согласност (со Решение бр. УП1 18-225 од 30.01.2020 год.) Училиштето нема донесено статутарна одлука з аизмена и дополнување на статутот за интегрирање на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување.

Во Развојната програмата за работа на училиштето (со бр. 01-20/4 од 26.01.2021г) за период од 2021 до 2025 година во која е зацртана визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години. Самоевалуацијата е за учебните 2020/21 и 2021/22 година. Во Извештајот од извршената самоевалуација (со бр. 01-95/4 од 06.09.2022 год.) прецизно се набележани јаките страни во работењето и предлог мерки за подобрување на квалитетот во работењето.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 година (со бр. 01-99/1 15.08.23 год.) е усвоена од УО со Одлука со бр. 02-102/2 од 15.08.2023 год. и е

донесена од Советот на општина Битола со Одлука со бр. 0914-128/2 од 14.09.2023 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во оптинското основно училиште “Коле Канински“ Битола се реализираат наставни планови и програми за деветгодишно основно образование.

Училишната зграда во која што работи ООУ “Коле Канински“ Битола е тврда градба која е изградена во 1963 година. Централното училиште се наоѓа во населбата Карпош во Битола, а подрачните училишта се во населбата Буковски ливади и во населените места с.Буково и с.Поешево.

Училиштето е основано од Собранието на опшптина Битола со Акт за основање бр. 9-1641 од 04.03.1963 година. Дејноста на училиштето е верификувана со Решение за верификација издадено од МОН бр. 13-2138 од 03.07.1986 година. Училиштето е регистрирано за вршење на дејност по шифра 85.20 - основно образование. Последниот упис на промена во Централен регистар на РСМ е направена со бр. Решение бр. 30420230000044 од 16.01.2023 година.

За остварување на воспитно-образовната работа училиштето располага со: вкупно 22 училници, 15 кабинети, по една библиотека во централното и подрачното училиште во с.Буково, спортска сала и спортски терени.

Наставата се одвива во две смени, на македонски наставен јазик. Воспитно-образовната работа ја остваруваат 75 наставници. Наставата ја помагаат стручни соработници педагог, психолог и дефектолог.

Во учебната 2022/23 година во училиштето учат вкупно 784 ученици од прво до деветто одделение, распоредени во 48 паралелки од кои 28 едноодделенски и 4 комбинирани со број на ученици помал од 20, за кои училиштето има обезбедено согласност од основачот. Во училиштето нешто повеќе од 97% учат ученици од Македонци и нешто помалку од 3% ученици од другите заедници. Реонот на училиштето ги опфаќа населбите Кланица, Карпош, Боримечка и Буковски Ливади и населените места с.Буково, с.Крстоар и с.Поешево.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ„Коле Канински“ Битола се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембриџ (природните науки во VI одделение, биологија од VII одделение до 9 одделение, хемија и физика во VIII и IX 9 одд.), како и за учениците од I до VI одделение по Новата концепција за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието (БРО) и одобрени од Министерот за образование и наука (МОН). За реализација на наставните програми МОН обезбедува бесплатни учебници. Поголем број од наставниците укажуваат на неусогласеност на учебниците со наставните планови и програми и на бројни печатни грешки.

Директорот, помошник директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година ги запознаваат наставниците на ниво на стручни активи со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава од I до VI одделение преку обуки кои ги организира БРО се запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми за реализација на наставните планови и програми по Новата концепција за основно образование.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во спортска сала и на спортски игралишта во училишниот двор, а во подрачните училишта во холот или училниците, а кога временските услови дозволуваат на отворените спортски терени.

Училиштето е вклучено во повеќе проекти и програми:

- Инклузија на деца со посебни образовни потреби,
- Еразмус+,
- Превенција од насилство,
- Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО),
- Образование за животни вештини и
- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;

Училиштето секоја година изработува Програма за активности за меѓуетничка интеграција во основното образование со која планира заеднички активности со партнер училиштето ООУ „Гоце Делчев“ Битола.

Училиштето има Училишен инклузивен тим (УИТ) кој работи според програма за работа на УИТ. Во училиштето се идентификувани 8 ученици со ПОП. За секој од овие ученици има инклузивни тимови за ученик и Индивидуален образовен план (ИОП). Учениците со ПОП активно се вклучени во животот и работата на училиштето. Сите наставници во паралелките каде се вклучени учениците со ПОП наставата ја реализираат согласно ИОП за ученикот. Училиштето остварува соработка со основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола за обезбедување на образовни асистенти и со ОО Црвен Крст Битола за обезбедување на личен асистент.

Раководителите на одделенија на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Училиштето има изработено леток кој со кој се промовира пред учениците и родителите.

Секоја година училиштето спроведува анкетирања на учениците во однос на избор на наставни предмети согласно наставниот план за VI до IX одделение и за IV и V одделение согласно Новата концепција. Изборот на наставните предмети го прават учениците во согласност со нивните родители од листа со изборни предмети за кои училиштето располага со потребниот наствен кадар.

Во тековната учебна година во училиштето се изучуваат следните изборни предмети:

- IV одделение:
  - прво полугодие: Ликовно образование и во ПУво с.Буково Моделарство и во
  - второ полугодие: Оригами и Фудбал во ПУво с.Буково;
- V одделение:
  - прво полугодие: Моделарство, креативни идеи-направи сам и во
  - второ полугодие: Решавање конфликти;
- VI одделение: Етика во религиите;
- VII одделение: Вештини за живеење и Изборен спорт;
- VIII одделение: Проекти од ликовната уметност, Изборен спорт и Проекти од информатиката и во
- IX одделение: Нашата татковина и Техничко образование.

Во училиштето како втор странски јазик учениците го избираат германски јазик.

Во училиштето се планира и се реализира проширена програма. Проширената програма покрај организираното прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот и еден час пред завршувањето на редовната настава, опфаќа и продолжен престој, по една група во две смени од I-III одделение. Училиштето нема изработено распоред со одговорни наставници за прифаќање на учениците.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето изработуваат годишни и тематски планирања, како и сценарио за час од I до VI одделение и оперативен план за наставен час од VII до IX одделение. Изработените ИОП-и ги содржат сите елементи за активно вклучување на учениците со ПОП во согласност со нивните можности. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба во училиштето. Сите наставници во своите годишни и тематски планирања планираат најмалку по две МИО содржини.

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто преку вонннаставните активности: при чествување на општински празници, и учество на општински конкурси и натпревари.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат и мал број од наставниците ги вградуваат истите во нивните планирања.

Во последните три години не е покрената иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми на барање на наставниците и/или родителите.

## 1.3. Вонаставни активности

Училиштето во последните три учебни години реализира бројни воннаставни активности кои во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците и им помагаат во развојот на граѓанските и општествени компетенции за доживотно учење.

Училиштето реализира воннаставни активности од типот на: слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците, излети и екскурзии, културно-уметнички активности, спортски активности и ученички атпревари

Голем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење без разлика на нивната родова, етничка или социјална припадност. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор на транспарентен начин. Учениците и родителите немаат улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Училиштето обезбедува услови за вклучување во воннаставните активности на учениците со ПОП, учениците со потешкотии во учењето и учениците од семејства во социо-економски ризик.

Училиштето има формирано спортски клуб „МУЛТИ СПОРТ КК“ Битола со решение од Централниот регистар на РСМ бр. 30420230000862 од 29.09.2023 година.

Училиштето секоја година со годишната програма планира слободни ученички активности (секции) за проширување и продлабочување на содржините од наставните предмети од разни области. За вклучувањето на учениците во секциите училиштето обезбедува согласности од родителите. Во тековната учебна година се реализираат следниве секции:

- Млади ликовни уметници, Млади креативци, Млади истражувачи, Драмска секција, Млади литерати, Ликовна секција и Секција по природни науки во одделенска настава и
- Хор, Училишна библиотека, Литературна секција „Млади писатели“, Литературна секција по Англиски јазик, Млади германисти, Драмска секција „Млади актери“, Математичка секција и Ведска математика, Млади физичари, Млади хемичари, Млади биолози, Ликовна секција, Сообраќаен клуб, Лего секција, Историска секција, Млади географи, Клуб на млади историчари, Клуб на ученички парламент, Ракометен клуб, Кошаркарски клуб во предметна настава.

Училиштето планира ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование со кои ќе бидат опфатени сите ученици од прво до деветто одделение. Во тековната учебна година планирани се екскурзии за учениците во трето, шесто, деветто одделение како и научни екскурзии за учениците во четврто и осмо одделение.

Училиштето редовно планира и организира учество на учениците на ученички натпревари со цел: развивање на натпреварувачкиот дух, проширување и збогатување на знаењата, развивање и негување другарството, остварување контакти со учениците од други училишта во општината и од другите општини. Учениците кои покажуваат особен успех по одделни наставни предмети редовно учествуваат на акредитирани натпревари

во организација на акредитирани здруженија на наставници на општинско, регионално и државно ниво.

Училиштето за афирмирање на постигањата на учениците во вонnаставните активности ги користи: локалните медиуми и расположивите интернет ресурси (сопствената веб-страната, веб-страната на општината, сопствената фејсбук страната). Во последните три години училиштето обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција само во рамките на училиштето.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува полугодишни и годишни статистички извештаи за постигањата на учениците според полот и етничката припадност, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди, но не врши анализа на прибраните податоци.

Постигањата на учениците во изминатите три години се многу добри, но зголемиле за само 1%, од 4,29 во учебните 2020/21 и 2021/22 година на 4,34 во учебната 2022/23 година. Училиштето има потреба од анализи и конкретни препораки за активности во насока на квантитативно и квалитативно подобрување на постигањата на учениците по наставни предмети и по наставници.

Училиштето ги превзема законски предвидените активности за подобрување на постигањата на учениците кои имаат по три и повеќе слаби оценки: советувања со учениците, советувања со родителите и дополнителна настава.

Училиштето нема систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените и талентираните ученици, како и на учениците со пречки во развојот, но во училиштето има воспоставена практика со годишните програми за работа и програмите за работа со ученици со потешкотии и надарени и талентирани ученици, од наставниците и стручниот соработник педагог да се планираат и реализираат конкретни активности и инструменти за детектирње и следење на овие ученици. Училиштето не изготвува полугодишни и годишни извештаи за превземените активности и постигнатиот напредок на овие ученици. Училиштето има потреба од интерен акт со кој ќе се уреди постапката за поддршка на овие ученици.

Наставниците во соработка со стручните соработници им даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со пречки во развојот. Дополнителна настава се реализира по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, а дефектологот, психологот и педагогот, по однапред утврден распоред, работат индивидуално со учениците со стручна проценка според МКФ. Во училиштето има тим за поддршка на надарените ученици. За учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области се реализира додатната настава. Дополнителна и додатна настава во училиштето се реализира според месечни распореди кои редовно се истакнуваат на огласна табла во училиштето и во секоја училница. Учениците и родителите се задоволни од поддршката на учениците која им ја обезбедува училиштето преку дополнителната и додатната настава. Во редовната настава мал број од наставниците избираат активности прилагодени на можностите и потребите на надарените ученици и учениците со тешкотии во учењето.

Училиштето го следи преминот на учениците од петто во шесто одделение, како и преминот на учениците од деветто одделение во прва година средно образование, но не и нивниот личен напредок.

Училиштето организира заеднички вонаставни активности со учениците Македонци и Албанци во Градската библиотека и во подрачното училиште во с.Буково. Во соработка со партнер училиштето ООУ„Гоце Делчев“ Битола во учебната 2022/23 година реализирани се повеќе заеднички вонаставни активости на македонски и албански јазик

(театарска претстава „Бајките зборуваат“ и одбележување на верските празници Велигден и Бајрам во с.Буково.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Реонот на училиштето ги опфаќа населбите: Кланица, Карпош, Боримечка и Буковски Ливади и населените места: с.Буково, с.Крстоар и с.Поешево. Училиштето секоја година од МВР и службите во локалната самоуправа ги добива податоците за учениците од својот реон кои треба ги се запише во прво одделение. Секоја година се обезбедуваат сите услови за запишување на сите деца од реонот, вклучително и на деца со ПОП. Преку достава на покана и леток со потребните податоци за упис на децата во прво одделение, училиштето ги запишува сите деца од својот реон, освен преселените и иселените. Училиштето во соработка со надлежните установи и другите основни училишта во општината располага со податоци за секое дете од реонот во кое училиштето е запишано. Со воведувањето на продолжениот престој интересот на родителите да ги запишат своите деца во училиштето е значително зголемен. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните и испишани ученици. Училиштето прибира податоци за преминот на ученици од основно во средно образование.

Училиштето уредно и квартално ја следи редовноста на учениците, но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноците не се засновани на анализи. Во последните три учебни години просечниот број неоправдани изостаноци по ученик е мал, но бележи зголемување: од 1,00 во учебната 2020/21 година на 2,91 во учебната 2022/23 година. Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во основните училишта и Законот за основното образование. Советувањата на родителите и учениците ги реализира психологот, за што се води уредна документација. Секоја учебна година се вршат редовни советувања на родителите: две советувања во ноември и декември и две советувања во февруари и март. Во учебната 2020/21 година остварени се советувања со вкупно 18 ученици и родители, во учебната 2021/22 со вкупно 19 родители и ученици и во учебната 2022/23 година со вкупно 16 родители и ученици. Советувањата речиси сите се по основ на слаби оценки по три и повеќе наставни предмети. Педагошките мерки по основ на неоправдани изостаноци не се изрекуваат, а за недолично однесување изречена е само една педагошка мерка. При изрекувањето на педагошки мерки училиштето ги почитува законот и Правилникот за изрекување на педагошки мерки во основните училишта.

Училиштето квартално го следи бројот на испишани и придојдени ученици според полот, етничката припадност и причината за испишување, односно премин во училиштето. Во изминатите три учебни години, бројот на придојдени ученици е неколкукратно поголем од бројот на испишани ученици. Имено, во училиштето преминале вкупно 28 ученици, а се испишале 48 ученици, при што само 4 се испишале поради преселба, а останатите 44 поради иселување од државата. Во изминатите 3 учебни години нема осипани ученици, односно ученици кои престанале да посетуваат настава.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште. При преминување на учениците во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошката евиденција и документација, а за придојдените ученици податоците за ученикот се земаат во предвид при натамошна образовна работа со него.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема ученици кои го повториле одделението.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, но има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот, директорот и пом. директорот. Пред почетокот на учебната година педагогот прави проверка на годишните и тематските планирања на наставниците и за резултатите од проверката ги запознава директорот и помошникот директор. Во координација со педагогот и на ниво на стручни активи се договараат вградувањето на целите од меѓуетничката интеграција во образованието во планирањата на наставниците преку самостојни активности во најмалку 2 настави часа годишно и преку заеднички активности со партнер училиштето. Има потреба од пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците со цел да се стандарзира воспоставената добра практика.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Дополнително наставниците планираат вградување на целите од: меѓуетничката интеграција во образованието и антикорупциско образование. Наставниците кои реализираат слободни ученички активности (секции) истите ги планираат како долгорочни воннаставни активности. Наставниците планираат и краткорочни воннаставни активности: општо-корисна работа со учениците, здравствена заштита, соработка со локалната заедница и друго. Раководителите на паралелки планираат реализација на програмата за образование за животни вештини и изготвуваат програми за соработка со родителите. Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања и планирања за наставен час. Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речеси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од поголемиот број наставници. Сите наставници ги планираат стандардите за оценување во склоп на тематските планирања или издвоено. Најголемиот број наставниците не ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно да ги планираат следните чекори во учењето. Имено, во планирањата за наставен час најголемиот број наставници покрај планираните активности на наставникот планираат активности на учениците, но истите се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Ваквиот пристап не обезбедува ефикасно користење на времето од часот, со што дел од учениците предвреме ги постигнуваат очекуваните резултати, а дел не можат да ги постигнат.

Најголемиот број наставници разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и на ниво на училиште и изготвуваат и користат дигитални содржини.

Распоредот на редовните часови е направен според наставниот план и просторните и кадровските можности на училиштето, но не и според потребите на учениците. Училиштето изработува распоред за дополнителна, додатна настава, но не и за воннаставните активности и за СУА.

## 3.2. Наставен процес

Најголениот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предметна настава користат разновидни наставни форми и методи. Истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови

на учење. Голем број од наставниците по одделенска настава и најголемиот број наставници по предметна настава работат со учениците најчесто фронтално и во парови, а повремено во групи и индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Голем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации. Најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници во предметна настава користат разновидни техники во сите делови од часот.

Училиштето нема обезбедено доволен број на функционални десктоп компјутери или лаптопи за наставниците. Наставниците претежно користат сопствени лаптопи за презентирање на дигитални презентации и други дигитални содржини кои ги користат при реализирањето на наставните содржини. Од сите училници и кабинети, со ИКТ за учениците опремени се само два кабинети, кабинетот по информатика со 24 и кабинетот по техничко образование со 12 компјутерски места. Компјутерите се меѓусебно мрежно поврзани и сите се поврзани со Интернет. Во училиштето со интерактивни табли опремени се 4 училници по одделенска настава и два кабинети: по информатика и по англиски јазик. Исто така во училиштето 13 училници (од кои 3 во подрачните училишта) се опремени со бели табли со проектор и 5 училници се опремени со бели табли без проектор. При реализацијата на наставата, ИКТ опремата се користи од наставниците, но не и од учениците, освен во кабинетите по информатика и по техничко образование. Мал број наставници се обучени како учениците да ја користат ИКТ.

Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Домашните задачи ретко се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците. Мал број од родителите сметаат дека наставниците не им ги даваат потребните насоки како им помогнат на нивните деца во изработка на домашните задачи. Најголемиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности не го приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број од наставниците ги користат учебниците, а повремено и дополнителна прирачна литература според потребите за реализирање на наставните содржини по предметите за кои има обезбедено бесплатни учебници, додека по предметите за кои нема обезбедено бесплатни учебници поголеиот број наставници им диктираат на учениците, што не обезбедува квалитетна настава.

Голем број наставници ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците. Тие им се јасни на голем број ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, но не е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Мал број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и и техники со цел учениците да се поттикнат активно да учествуваат во наставата. Се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги превземаaат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Училиштето има Процедура и инструменти за следење на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови се истакнува распоред за посета на часови, но без да се нагласи целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на

часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поедниечно се води разговор и му се дава препораки за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, не се изготвуваат извешти од посетените часови со препораки кои ќе се разгледуваат на наредниот наставнички совет или на ниво на стручни активи. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба, но само најавено. Нема пракса новите наставници да ја следат на работата на колеги од училиштето за време на час.

## 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. По училниците има изработки од учениците кои го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Изработките на учениците од разни работилници и вонннаставни активности се изложуваат во училниците и повремено во ходниците. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето повремено им обезбедува на учениците различни материјали за изработката на летоци, изложбени паноа и постери.

Учениците сметаат дека по голем број предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот мал број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење секогаш се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивни интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто преку вонннаставните активности.

Училиштето нуди разновидни активности (СУА и вонннаставни активности) преку кои се поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците. Ученичката заедница активно е вкучена во реализирањето на вонннаставните активности како и во разни проекти кои училиштето ги работи во соработка со други установи. Во училиштето има и дете правоoранител. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето не се детектираат систематски образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги детектираат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување, најчесто преку дополнителната настава и дополнително залагање на наставниците за време на часовите.

Најголениот број наставници по одделенска настава и голем број наставници по предметна настава во процесот на поучување користат различни интерактивни методи. Меѓутоа, мал број наставници користат различни интерактивни техники и диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот, со што не им

даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. И покрај тоа што нема дефинирана политика за оценувањето, училиштето има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување, При тоа, најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предментна настава ги користат истите при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците и ги запознаваат учениците и родителите со истите. Поголемиот број ученици и родители сметаат дека оценувањето е транспарентно и реално, а мал број родителии ученици сметаат дека наставниците бараат премногу од учениците.

Најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предметна настава користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми. Приодите во оценувањето даваат ограничени можности учениците да ги подобруваат постигањата.

Најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предметна настава редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, но не ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Најголемиот број наставници по одделенска настава и мал број наставници по предметна настава располагаат со конкретни информации за постигањата на учениците и за истите родителите можат да се информирааат во секое време. За информирење на родителите за постигањата на учениците се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за паралелката во целина) и индивидуални средби (за конкретен ученик) со родителите. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник. Родителите имаат пристап до него и редовно добиваат известувања преку телефонски пораки. Четири пати годишно родителите добиваат евидентни листови во кои се наведени постигањата на учениците. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и секогаш се спремни да ги информираат за постигањата на учениците.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето врши редовно контролно испитување и одржување на хидрантите, ПП апаратите и громобранската инсталација, за што ги поседува потребните потврди. Има потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат и кои не се посебно означени, но учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Во училиштето сите вработени имаат следено обука за давање прва помош на учениците при несреќни случаи, а четири вработени имаат и сертификат. Училиштето има: План за заштита и спасување (во кој се опфатени: заштитата и спасување од сите природни непогоди, РХБ заштита и спасување и прва медицинска помош) одобрен од Дирекцијата за заштита и спасување – п.о. Битола, Упатство за заштита и спасување од земјотрес, Куќен ред и Кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите, во кои има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се спроведуваат доследно. Последната симулација е изведена во декември 2022 год. Најголемиот број родители и ученици го доживуваат училиштето како безбедна и сигурна средина за учење.

Училиштето нема направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Учениците и родителите не се запознаени со постоењето на истото.

Училиштето има годишната програма за спречување на меѓуврсничко насилство. Има примери кога неколку ученици во континуитет вознемируваат други ученици. Учениците и родителите сметаат дека наставниците и стручните соработници ефикасно и навремено се справуваат со појавите на меѓуврсничко насилство во најголем број случаи со разговор и советување, а по потреба и со изрекување на педагошки мерки. Со кодексот за однесување на учениците и со Куќниот ред се предвидува превземање на мерки кон учениците кои не ги почитуваат одредбите на истите, вклучително и при меѓуврсничко насилство. Психологот и педагогот држат предавања за видовите и начините на спречување на меѓуврсничко насилство на членовите на ученичкиот парламент. Ученикот правобранител на одделенските часови се претставува пред сите ученици и ги запознава со правата на децата и нивна ефективна примена во образовниот систем. Поголемиот број родители и ученици сметаат дека училиштето ефикасно се справува со појавите на меѓуврсничко насилство.

Во училиштето се реализираат разни активности од општествено-корисен карактер, од забавен и рекреативен карактер, за грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците и друго.

Најголемиот број вработени на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Родителите и учениците се запознаени од страна на училиштето со правото и обврската за поднесување поплаки во случај на насилство или повреда на ученичките права до класните раководители.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во последните три години нема пријави или сознанија за користење на алкохол и наркотични супстанции во училиштето и во училишниот двор. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Во училиштето во соработка со јавните установи во Битола се реализираат разни едукативни предавања за учениците за: превенција од психоактивни супстанци, алкохолизам, штетноста од пушењето, здрава исхрана против дебелеење, заштита од заразни болести, хигиена и друго.

Училиштето не води грижа за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во своето непосредно опкружување. Голем број од родителите не се задоволни од квалитет на храна кој им се нуди на учениците во своето непосредно опкружување на училиштето. Во училиштето секоја учебна година се реализираат разни активности на тема здрава исхрана.

Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето има пристапна рампа. Во училиштето има ученик со физичка попреченост и училиштето ги има превземено сите мерки за да обезбеди непречен пристап на ученикот до училниците и другите простории на приземје и спортската сала. За ученикот нема санитарен јазол по стандарди за лица со физичка попреченост.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето преку повремени хуманитарни акции обезбедува храна, облека, средства за хигиена и дополнителни средства за училишен прибор и учество на овие ученици во воннаставни активности (екскурзии, таблоа, тератарски и кино претстави, фестивали и посети на културни знаменитости и приредби).

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето редовно се одржува. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти по неколку пати во денот и се дезинфицираат еднаш во денот. Голем број родители и ученици не се задоволни од грижата на училиштето за хигиената во училиштето. Државниот санитарен инспекторат нема констатирано пропусти во работењето на училиштето. Пред почетокот на секое полугодие се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училиштето со ќуќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат по завршување на смената, другиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш месечно. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и уредени. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци и учениците ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците.

Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Но има воспоставена практика на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава. Во училиштето нема ученици со хронични заболувања.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми). Има Програма за работа со учениците со емоционални проблеми со која се предвидудаат едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици. Психологот користи инструменти за детектирање на овие ученици и превзема конкретни мерки за секој ученик поединечно за учениците и нивните родители да се справат со емоционалните потешкотии на учениците. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните установи. Во изинатите три учебни години идентификувани се вкупно 7 ученици на кои стручните соработници преку спроведување на активностите предвидени во програмата им помогаат во справувањето со нивните емоционални потешкотии. Во изминатите три учебни години во училиштето се детектирани ученици со емоционални тешкотии поради; семејна негрижа-2 ученици, развод на родителите-2 ученика, семејна трагедија-1 ученик и со дисфункционално семејство-2 ученика. Од овие претходно спомнати 2 ученици се упатени до надлежна установа -Центарот за социјални работи или здравствена установа.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини на учениците им обезбедува релевантни информациите за можностите за нивно понатамошно образование. Училиштето организира посета на отворени денови кои ги организираат средните училишта за учениците од завршното одделение кои се заинтересирани за упис во тие училишта каде им се презентираат можностите кои им ги нудат на учениците за нивно понатамошно образование. Исто така училиштето им овозможува на учениците од завршните одделенија посета на претпријатија каде се запознаваат со можноста за вработување и потребното образование со кое треба да се стекнат. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, по завршувањето на основното образование во училиштето ја прават психологот и педагогот преку инструменти за самооценување на вештините и интересите на учениците и информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците во одделенска настава водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, и се грижат за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Сите наставници подготвуваат редовни извештаи по квартали, за својата паралелка и за паралелките каде предаваат. Подготвените извештаи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Од причина што не се

изработуваат анализи со конкретни препораки, користењето на резултатите од извештаите не придонесува за подобрување на воспитнообразовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

ООУ “Коле Канински“ Битола е препознатливо во своето опкружување по постигањата на учениците во различни области. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Училиштето важи за инклузивно училиште кое обезбедува безбедна и сигурна средина за своите ученици без разлика на нивната полова, етничка или социо-економска припадност. Училиштето ги поттикнува учениците и родителите на поголемо учество во училиштниот живот. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици. Родителите и учениците се вклучуваат во училишниот живот при организирањето на екскурзии и воннаставните активности. Најголемиот број од наставниците и стручните соработници се почитувани од страна на учениците и родителите. Во училиштето постојат добри меѓучовечки односи. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца се чувствуваат среќни и задоволни во училиштето. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите во најголем број случаи се почитуваат. Има потреба од нивно донесување на демократски и транспарентен начин, со активно вклучување на сите чинители во училиштето. Кодексот за однесување на учениците е истакнат на огласна табла, но не и во училниците.

Училиштето има кодекси на однесување за учениците, родителите и вработените, донесени од училишниот одбор.. Во кодексите се уредени правилата на меѓусебно однесување и почитување меѓу сите чинители во училишниот живот. Училиштето има куќен ред кој е изработен и донесен од раководниот орган. Со куќниот ред се уредуваат принципите и правилата на однесување на учениците и на вработените. За непочитување на одредбите од куќниот ред се предвидува превземање на педагошки мерки за учениците и дисциплински мерки за вработените согласно законите. Училиштето има правилник за надоместок на штета и правилник за дисциплинска постапка. Во изминатите три наставни години на вкупно 48 ученици им се изречени педагошки мерки, најчесто усни опомени поради вербални конфликти со соученици. Во изминатите три години нема покренато постапка кон вработен или родител за непочитување на кодексите на однесување.

Училиштето промовира и практикува взаемно почитување помеѓу вработените, учениците и родителите. Во училиштето владее взаемно почитување и вклученост на учениците во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот и стручниот кадар се насочени кон креирање на поттикнувачка атмосфера во училиштето, што е препознаено од најголем број ученици и родители. Најголемиот број ученици и вработените ги почитуваат кодексите на однесување и куќниот ред на училиштето. Од посетата на часовите, како и од разговорите со учениците се констатира дека постои работна атмосфера за време на наставата. Раководниот, наставниот кадар и стручната служба постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците.

Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки, протоколот за заштита од насилство и упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва од било која форма на насилство, злоупотреба или занемарување.

Во училиштето има формирано ученички парламент, во кој членовите се избрани на демократски начин, со тајно гласање од страна на сите ученици од шесто до деветто одделение. Ученичкиот парламент брои 22 члена и има сопствена програма за работа. Работата на ученичкиот парламент е поддржана од директорот, стручната служба и наставник по граѓанско образование-координатор. Членовите на ученичкиот парламент редовно ги информираат своите соученици за активностите кои се планираат во рамките на училиштето. Има примери каде ученичкиот парламент предлага и учествува во донесувањето на одлуки за прашања кои се од интерес на учениците. По иницијатива на ученичкиот парламент во училиштето изградено е мулти функционално спортско игралиште и направен е инклузивен детски парк со финансиска поддршка на Швајцарска амбасада и UNDP.

Училиштето превзема активности за целосна инклузија преку обезбедување на образовни и лични асистенти, обезбедување на асистивна технологија за работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП), дава поддршка на наставниците во изработка на индивидуални образовни планови (ИОП). За сите наставници кои работат со учениците со ПОП имаат поминато обука за изработка на ИОП и работа со учениците со ПОП. Во училиштето има вработено стручно лице специјален едукатор и рехабилитатор. Училиштето дава поддршка во организација на работилници на децата со типичен развој за правилно прифаќање на децата со ПОП. Активно учество на вработените во обуките за работа со ученици со ПОП и иницирање на проекти за подобрување на условите за инклузија на ученици со ПОП.

За учениците кои се надарени и талентирани училиштето овозможува реализација на додатна настава, учество на натпревари. Стручната служба дава поддршка на наставниците за идентификација, следење и работа со надарени и талентирани ученици. Стручните соработници (педагог и психолог) вршат тестирање на учениците по инструменти-тестови и нивно советување. Со родителите се реализирани работилници на тема: „Вашето дете е талентирано и надарено“.

Наставниците и стручните соработници сметаат дека меѓусебната професионална соработка е добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Во училиштето нема изграден систем на наградување на успешните практики.

Учениците и вработените се задоволни од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Постои распоред за дежурање на вработените, кои се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишните згради за време на часовите и одморите. Наставниците и учениците сметат дека најголем број од учениците се однесуваат соодветно и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Најголем број наставници се трудат да бидат ¬позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Најголемиот број родители и ученици сметаат дека раководниот и наставниот кадар креираат успешна средината за учење и ги поттикнуваат учениците на повисоки постигања во учењето, воннаставните активности, редовноста и дисциплината. Поголемиот број од наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето ги промовира личните постигања на учениците во рамки на училиштето и во пошироката локална средина. За таа цел во училниците и во ходниците на училиштето се истакнуваат лични изработки и творби на учениците. Постигањата на учениците се промовираат на веб-страната на училиштето, при одбележување на патрониот празник со доделување на пофалници и дипломи на учениците. Училиштето им овозможува на учениците, согласно своите способности и интереси да ги изразат своите творечки потенцијали во вонаставните активности.

Училиштето ги поттикнува учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на ученички натпревари. Училиштето нема правилник за видовите пофалби и награди на вработените со цел наградување на наставниците кои дале посебен придонес во промовирањето на училиштето. Учениците кои освоиле награди и учениците со континуиран одличен успех се наградуваат со книги, дипломи и пофалници.

Најголемиот број од учениците се задоволни од своите постигања. Дел од стручната служба и наставниците го промовираат училиштето со нивно учество на државни и меѓународни конференции, работилници, семинари, при реализација на проекти и друго.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето преку реализирање на програмата „Образование за животни вештини“ како и преку разни активности кои се планираат во годишните програми за работа на стручните соработници ги запознава учениците со правата на децата. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека училиштето ги практикува и ги заштитува правата на децата. Училиштето со родителите организира работилници за да ги запознае со правата на децата. Во училиштето има ученички правобранител кој е активен и во промовирањето и заштита и унапредување на правата на децата.

Најголемиот број вработени правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од пол, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности. Училиштето во сите свои пишани документи планира активности во насока на промовирање на еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација.

Училиштето преку своите програмски документи ги промовира и практикува половата, етничката, културната и верската разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците преку интегрирање на целите на МИО во наставата и вонаставните активности, како и преку предавања и работилници, учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Во Годишната програма за работа на училиштето, планирани се активности со цел поттикнување на поголем број родители да се вклучат во подобрување на воспитно¬-образовната работа на училиштето. Соработката со родителите главно е преку индивидуалните и групните родителски средби. Родителите во рамките на паралелките по пат на јавно гласање избираат претставници во Советот на родители. Советот на родители по пат на јавно гласање ги избира своите претставници во УО. Во составот на Советот на родители има членови од различни етнички заедници. Има примери на иницијативи од страна на родителите за подобрување на училишниот живот.

Училиштето редовно се вклучува во животот на општината преку учество на настани од интерес на заедницата, при реализација на проекти и заеднички активности во соработка со јавните установи во општината и тоа: Црвен крст, МВР, општина Битола, Советот за превенција на детско престапништво, Народен театар, Офицерски дом, ЈП „Комуналец“, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, Градска библиотека, ОУ со Ресурсен центар Кочо Рацин, Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, Меѓународна класификација на функционалноста-Скопје, Центар за социјални работи, невладини организации: „Порака нова“, „Отворете ги прозорците“-Скопје и „Дајте ни крила“, соработка со Педагошки факултет-Битола, Меѓународен Славјански Факултет-Битола, Министерство за животна средина и Министерство за земјоделие и други стопански субјекти.

Училиштето во соработка со Црвениот Крст-Битола промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на хуманитарни настани, собирање на храна, училишен прибор, учество во натпревар по прва помош. Училиштето промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Училиштето повремено остварува соработка со деловната заедница, најчесто при посета на претпријатија во склоп на општествено-корисната работа на учениците и професионалната ориентација на учениците.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

ООУ „Коле Канински“ Битола, е лоцирано во источниот дел на градот, месност Карпош, на улица „Бранко Радичевиќ“ бр.77–Битола. Основното училиштето располага со училишна зграда од цврста градба, на два ката и подрум, изградена 1960 год. со внатрешна површина од 1883 м². Училиштето располага со училишна фискултурна сала, училишен спортски терен и двор. Училишниот објект во централното училиште располага девет училници, четиринаесет кабинети, библиотека, просторија за инклузивен центар, за наставници, управно административни простории, тоалети за ученици и наставници, приспособен тоалет за лица со физичка попреченост и други простории. Училниците и кабинетите ги исполнуваат условите за училишен простор, согласно стандардите и нормативот за училишен простор со исклучок на седум училници кои се наоѓаат во подрумскиот дел. Учениците од двете смени максимално ги исполнуваат училниците во текот на секој работен ден. Во основното училиште има опремено просторија за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училишната зграда во приземниот дел, фискултурната сала, спортскиот терен и училишниот двор се пристапни за лица со телесни пречки во развојот. Училишниот двор е целосно ограден, но недоволно хортикултурно уреден.

Затоплувањето на објектот на основното училиште е со сопствено парно греење на течно гориво.

Во склоп на основното училиште работат и подрачните училишта во с.Поешево, во с.Буково и во населбата Буковски ливади.

Училишната зграда во подрачното училиште во с.Буково е од тврда градба, со внатрешна површина од 391 м² изградена во 1937 година, но со дотраена надворешна и внатрешна дограма и дотраени внатрешни скали. Загревањето на училишниот објект е со печки на дрва. Наставата по ФЗО се реализација во училишниот двор. Тоалетите за учениците и наставниците се во склоп на објектот и истите се во функција. Наставата се изведува во една смена од прво до деветто одделение со вкупно 59 ученици. Во одделенска настава се две комбинирани паралелки и четири чисти паралелки од шесто до деветто одделение.

Подрачното училиште во с.Поешево е сместено во нов монтажен објект, изграден во 2015 год. со внатрешна површина од 93 м². Наставата се изведува во една смена од прво до петто одделение, во две комбинирани паралелки со вкупно 10 ученици. Објектот располага со две училници, помошна просторија и тоалети за ученици и наставници. Затоплувањето на објектот е со сопствено парно греење. Подрачното училиште располага со асфалтиран спортски терен и ограден училишен двор, но истиот е недоволно хортикултурно уреден.

Подрачното училиште во населба буковски ливади сместено е во простории на ЈОУ за деца-Детска градинка (ДГ) „ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА“-Битола, со која училиштето има склучено договор за користење на простор во ДГ „Росица“ населба Буковски ливади. Наставата се изведува во две смени од прво до петто одделение, со вкупно 105 ученици. Подрачното училиште располага со четири училници, помошна просторија и тоалети за ученици и наставници. Надворешната дограма на просториите кои ги користи подрачното училиште е дотраена, како и подот во холот на објектот кои имаат потреба од замена и

реконструкција. Подрачното училиште кое е сместено во ДГ „Росица“ населба Буковски ливади располага со асфалтиран спортски терен и ограден училишен двор, но истиот е недоволно хортикултурно уреден.

Големината на училниците во училишните објекти соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училиштето максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни и технички средства делумно задоволува. Наставниците и учениците имаат пристап до наставните средства и помагала со кои располага училиштето. Во секоја училница има инсталирано само по еден персонален компјутер за наставниците. Кабинетот по информатика е опремен со 24 персонални компјутери (PC) за учениците, еден PC за наставник, интерактивна табла и печатар. Кабинетот по природни науки кој истовремено се користи за реализација на наставата по предметите хемија и биологија е опремен со наставни средства и технички помагала согласно потребите на наставните програми. Но училиштето има потреба од опремување на уште еден кабинет кој би се користел за реализација на наставата по предметите од природните науки. Кабинетот по техничко образование е опремен со 12 PC за учениците, еден PC за наставник, прожектор, два интерактивни волани и други технички помагала. Во останатите училници во централното училиште инсталирани се шест интерактивни табли и 10 бели табли со прожектор и по една бела табла со прожектор во секое подрачно училиште.

Во изминатите неколку години, со финансиските средства обезбедени од страна на МОН, локалната самоуправа и од донации, во училиштето се реализирани повеќе градежни зафати од кои позначајни се:

- реновирање и реконструкција на санитарните јазли за учениците во централното училиште и ПУ во населба Буковски Ливади
- изградба на спортски терен - повеќенаменско игралиште
- изработка на фасада на објектот на централното училиште и
- изградба на пристапни патеки во централното училиште

Училишната библиотека располага со околу 10870 лектирни изданија, 585 книги стручна литература, 760 изданија белетристика, 1292 изданија друга литература, 42 енциклопедии, 316 сликовници, 146 списанија и 8730 учебници. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано не врши набавки во рамките на своите можности. За работа на училишната библиотека, училиштето има изготвено програма за работа на библиотеката и распоред на работно време. За работа на библиотеката ангажирани се две лица стручни соработници-библиотекари, од кои едно од лицата е со скратено работно време. Работното време на библиотеката е за секој работен ден и ги опфаќа двете смени на настава. Евиденција во библиотеката се води во пишана форма. Книгите се изложени на полици и во витрини. Библиотеката е сместена во мала просторија, истата не располага со читална и нема персонален компјутер.

Министерството за образование и наука делумно има обезбедено бесплатни учебници за учениците. Во изминатите учебни години и за оваа учебна година има недостиг на учебници по следните наставни предмети: англиски јазик од прво до деветто одделение, за учениците од шесто одделение нема учебници по сите наставни предмети, за учениците од трето одделение има учебник само по математика. Поради дотраеност на

учебниците за поголем број на наставни предмети неопходна е потребата од обновување на учебниците. Од страна на училиштето до Министерството за образование и наука доставено е барање со список на потребни учебници кои недостасуваат.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заеднички состаноци на стручни активи и на наставнички совет. За изведување на воспитно-образовниот процес се врши набавка на потрошен материјал според финансиските можности на училиштето.

Во финансискиот план за 2023 година, предвидени се минимални финансиски средства за набавка на наставни нагледни средства и технички помагала, како и набавка на канцелариски материјали.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Во учебната 2023/24 година, во училиштето вработени се 75 наставници, од кои 59 наставници на неопределено работно време и 16 наставници на определено работно време, од кои четири наставници се приправници За наставниците приправници назначени се ментори. За оваа учебна година во училиштето ангажирани се четири наставници кои не се соодветни согласно нормативот за наставен кадар по следните наставни предмети: природни науки за 7 наставни часа, биологија за 6 н.ч.н., хемија за 14 н.ч.н., ликовна уметност и проекти од ликовната уметност за 8 н.ч.н. и по предметот физичко и здравствено образование за 18 н.ч.н. и 2 н.ч.н. за изборен спорт.

Работата во училиштето е надополнета и со друг персонал и тоа: директор и помошник директор, стручна служба составена од: психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, двајца библиотекари, секретар, благајник, сметководител, економ-домаќин, хаус-мајстор и 13 лица помошно-технички персонал. Училиштето има потреба од вработување на уште едно лице хаус-мајстор за потребите на подрачните училишта.

Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците и со справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво. За наставниците и стручните соработници реализирани се обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.

При избор на наставен кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во Годишната програма за работа на училиштето, како и во програмите за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за поддршка за професионален развој на наставниците и на стручните соработници, преку учество на семинари, работилници, предавања и нивна дисеминација во училиштето. Училиштето на сопствената сметка планира финансиски средства за реализација на обуки за наставниците и за стручните соработници. Секој наставник има ажурирано портфолио за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој. На стручни активи се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето преку менторска работа и инструктивна работа од страна на стручните соработници се дава помош на наставниците-приправници.

Училиштето дава поддршка на наставниците и стручните соработници за стручно усовршување и кариерно напредување, преку реализација на меѓународни проекти, учества на научни конференции, конгреси, објавување на научни трудови и други активности.

Сите наставници и стручни соработници имаат реализирано обука за работа со деца со посебни образовни потреби. Во изминатиот период реализирано е обука за работа со надарени и талентирани ученици. Секоја учебна година стручниот соработник-психолог реализира советување со надарените и талентирани ученици. Стручните соработници имаат реализирано работилници на тема: „Грижа на менталното здравје“ со ученици од седмо одделение. Бирото за развој на образованието во соработка CES Академија има реализирано обуки на тема: „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“ и „Професионална соработка на наставниците“

За стручните соработници во организација на Бирото за развој на образованието реализирани се и следните обуки: „Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците“, „Справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима“ и „Инклузивно образование во пракса“. За еден наставник реализирана е обука на тема: „Унапредување на социјалната вклученост преку ефективно искористување на ЕУ фондовите“ во организација на МОТИВ ПЛУС КОНСАЛТИНГ и Национална агенција-Скопје.

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

Финансиските средства училиштето ги обезбедува преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. Јавната набавка за дел од превозот на ученици, набавката на нафта за огрев, осигурување на објектите, реконструкција на училишните објекти, училиштето ги спроведува преку општина Битола. Јавната набавка за електрична енергија, за здравствени и санитарни прегледи на вработените, осигурување на вработени и ученици, посебен линиски превоз на ученици, набавка на канцелариски и потрошен материјал, средства за хигиена, набавка на нагледни и технички помагала ги спроведува училиштето.

Училиштето располага со сопствената сметка-787 на која има прилив на средства од издавање под закуп на училишен простор ( спортска сала, поставување на апарат за топли напитоци и за продажба на прехрамбени продукти).

Училиштето има склучено договори за закуп на училишен простор-фискултурна сала со ТП Спорт Лејди-Битола, РК ВИНДА-Битола, КК Јуниор-Битола, КК Пелистер-Ветерани, КК Петровски, за вршење на активности од областа на спортот.

Училиштето има склучено договор за закуп на училишен простор со ДООЕЛ „Кафе Вендинг Група“- Битола, за поставување на автомати за храна и топли пијалоци и договор со ДООЕЛ „ЛАФКА“-Битола за издавање на просторија која се користи како продавница на колонијални стоки и училишен прибор.

За издавање на училишен простор под закуп училиштето има добиено согласност од општина Битола.

Исто така училиштето располага со донаторска сметка од програмата на Еразмус плус, за кои финансиските средства за реализација на проекти, се обезбедени од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност.

Училиштето секоја година донесува финансиски план за буџетската сметка, за сметката за самофинансирање и за донаторската сметка ЕРАЗМУС плус, како и извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

# 7. УПРАВУВАЊЕ/РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА НА УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор на ООУ “Коле Канински“ Битола е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата структура на членовите на училишниот одбор (УО). Работата на УО е уредена со деловник за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат во согласност со деловникот за работа. УО за својата работата редовно ги запознава Наставничкиот совет и Советот на родители. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и стручните активи, во подобрување на воспитно-образовниот процес. Училиштето нема обезбедено обука за новите членови на училишниот одбор. Училишниот одбор учествува во креирањето политиките на училиштето само во рамките на своите законски надлежности. Има примери кога УО преку претседателот и други членови обезбедува поддршка од локалната и деловната заедница во подобрување на воспитно-образовниот процес.

Директорот на училиштето, како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Раководниот орган нема посетувано обуки од областа на раководењето, а со цел унапредување на своите знаења и вештини како раководен орган.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Училиштето има изготвено План за развој за период од четири години 2021-2025 со кој се дефинирани две стратешки цели и тоа:

- Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата
- Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите на училиштето кои се дефинирани во Планот за развој на училиштето се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес преку набавка на нагледни средства и технички помагала како и преку подобрување на стручните и социо-емоционалните компетенции на наставниците и стручните соработници.

За сите поставени цели изготвени се акциски планови со носители на активности и со временски рок по  години.

Училиштето има изработено самоевалуација во која се забележани јаките и слабите страни во работењето, како и страните кои треба во иднина да се подобруваат.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Јаки страни

1. **Училиштето има организирано и реализирано повеќе заеднички вонnаставни активости на македонски и албански јазик со учениците Македонци и Албанци во соработка со партнер училиштето ООУ„Гоце Делчев“ Битола.**

2. **Училиштето ги запишува сите деца од својот реон, освен преселените и иселените. Со воведувањето на продолжениот престој интересот на родителите да ги запишат своите деца во училиштето е значително зголемен.**

3. **Во изминатите 3 учебни години нема осипани ученици, односно ученици кои престанале да посетуваат настава и нема ученици кои го повториле одделението.**

4. **Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа и не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги превземааат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.**

5. **Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење, а учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.**

6. **Најголемиот број наставници по одделенска настава користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи ги стандардите и критериумите за оценување и ги запознаваат учениците и родителите со истите. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и секогаш се спремни да ги информираат за постигањата на учениците.**

7. **Најголемиот број родители и ученици сметаат дека училиштето ефикасно се справува со појавите на меѓуврсничко насилство и дека најголемиот број вработени на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.**

8. **Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции.**

## 8.2. Слаби страни

1. **Нема распоред со одговорни наставници за прифаќање на учениците еден час пред почетокот и еден час по завршетокот на наставата.**

2. **При изготвувањето на полугодишните и годишните статистички извештаи за постигањата и редовноста на учениците не се врши анализа на прибраните податоци и не се даваат конкретни препораки за подобрување на истите.**

3. **Мал број наставници по предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во сите делови на часот, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.**

4. **Поголемиот број наставници по одделенска и предметна настава не планираат диференцирани задачи и активностите на учениците за време на часот и за домашна работа прилагодени на индивидуалните потреби, можности и постигања на учениците.**

5. **Поголемиот број наставници по предметна настава не ги користат стандардите за оценување и информациите од следењето и вреднувањето при планирањето на следните чекори во учењето и не ги запознаваат учениците и родителите со истите.**

6. **Училиштето нема направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување ќе се применува како интерен акт на училиштето и ги нема запознаено учениците и родителите за истото.**

7. **Нема пропишани процедури за грижа за ученици:**
   - **со тешкотии во учењето и за надарените ученици,**
   - **со пречки во развојот/физичка попреченост,**
   - **кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава,**
   - **од семејства во социјален ризик и**
   - **со емоционални проблеми.**

8. **Нема санитарен јазол по стандарди за лица со физичка попреченост,**

9. **Нема доволен број на наставно-нагледни средства и технички помагала, како и на информатичко компјутерска технологија.**

10. **Внатрешните скали, надворешна и внатрешна дограма и подот во училишната зграда во ПУ во с.Буково се дотраени и се ризик по безбедноста и здравјето на учениците и вработените.**

## 8.3. Препораки

1. **Да се изработи распоред со одговорни наставници за прифаќање на учениците еден час пред почетокот и еден час по завршетокот на наставата.**

2. **Училиштето при изготвувањето на полугодишните и годишните статистички извештаи за постигањата и редовноста на учениците да врши анализа на прибраните податоци и да дава конкретни препораки за подобрување на истите.**

3. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по предметна настава да користат разновидни наставни форми, методи и техники во сите делови на часот, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.**

4. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по одделенска и предметна настава да планираат диференцирани задачи и активностите на учениците за време на часот и за домашна работа, а кои ќе бидат прилагодени на индивидуалните потреби, можности и постигања на учениците.**

5. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по предметна настава да ги користат стандардите за оценување и информациите од следењето и вреднувањето да ги користат при планирањето на следните чекори во учењето, како и запознавање на учениците и родителите со истите.**

6. **Училиштето да направи статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување ќе се применува како интерен акт на училиштето и за истото да ги запознае учениците и родителите.**

7. **Да се превземат активности во насока на пропишување на процедури за за грижа за ученици:**
   - **со тешкотии во учењето и за надарените ученици,**
   - **со пречки во развојот/физичка попреченост,**
   - **кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава,**
   - **од семејства во социјален ризик и**
   - **со емоционални проблеми.**

8. **Во соработка со основачот да се превземат активности во насока на:**
   - **обезбедување на санитарен јазол по стандарди за лица со физичка попреченост,**
   - **обезбедување на доволен број на наставно-нагледни средства и технички помагала, како и на информатичко компјутерска технологија со цел подобрување на квалитетот на наставниот процес,**
   - **замена на дотраената надворешна и внатрешна дограма и дотраниот под и подобрување на безбедноста на внатрешните скали во училишната згр**
   -
   - **ада во ПУ во с.Буково.**

| | |
|---|---|
| Гордан Трифуновски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Илија Илиески, Инспектор | |
| Кочо Прчков, Инспектор | |